Противпожарен сојуз на Македонија

Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување

# *СОВЕТУВАЊЕ:*

# Противпожарната заштита во Република Македонија - искуства и предизвици

**хотел Дрим**
**Струга, 26-27 мај 2010 год.**

**Противпожарната заштита во Република Македонија**
**- искуства и предизвици**

**Струга, 26 и 27 мај 2010 год.**

Противпожарен сојуз
на Македонија

Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување

# СПОНЗОРИ НА СОВЕТУВАЊЕТО:

***ПРЕВЕНТИВА дооел - Куманово***
Ул. 11 Октомври бб
тел/факс: +389 31 422 093

***ПАСТОР ЛУКС дооел - Скопје***
Ул. 16 Македонска Бригада бб
тел: 02 / 3109 233; факс: 02 / 3173 399
e-mail: pastorlux2001@yahoo.co.uk
www.pastorlux.com.mk

***ХЕЛИУМ доо - Скопје***
Ул.М.Х.Јасмин бр.50
тел 02 3129 047 / 3129 330
e-mail: helium_mk@yahoo.com / helium@mail.net.mk
www.helium.eu.mk

***ОГНОПРЕВЕНТ ИНЖЕНЕРИНГ доо - Скопје***
Ул.Пролет 39
тел. 02 3230203; 3110046
e-mail: ognoprevent@mt.net.mk ognoprevent@yahoo.com

***ПАСТОР С-9 дооел - Скопје***
Ул. Сава Ковачевиќ бб
тел/факс: +389 2 2779 003

***ТЕХНОГАС А.Д. - Скопје***
Ацо Шопов бр.4
Тел: +389 2 2041 470 Факс: +389 2 2041 472

## СОДРЖИНА:


*** Вовед**
-*Проф.д-р. Никола Николов,* Претседател на Протицпожарен сојуз на Македонија

*** Системот за заштита од пожари во Република Македонија**
- *Љупчо Петрески,* Раководител на сектор Дирекција за заштита и спасување

*** Професионалното пожарникарство во Република Македонија по трансферирањето на надлежноста од централната власт на локалната самоуправа**
- *Благоја Менковски,*Командант на ПП Бригада - Скопје

*** Подготвеноста на ЈП „Македонски Шуми "за заштита на шумите од пожари и соработката со останатите институции и организациии во Република Македонија**
- *Јован Чаковски,* Директор на секорот за заштита на шумите ЈП „Макeдноски шуми" -Скопје

*** Доброволното пожарникарство во локалната самоуправа - правна регулатива, акутелни состојби и предизвици**
- *Никола Бојковски,* Претседател на ПС на Град Скопје

*** Правна регулатива, актуелни состојби и предизвици во обласа на сервисното одржување на ПП апарати и ПП инсталации**
- *Милан Клопчевски,*„Огнопревент инженеринг" - Скопје

# Вовед

Против пожарната заштита во Република Македонија има долга традиција, односно од далечната 1836 година кога во Битола е основана првата доброволна против пожарна единица. Понатаму, таа во својот развој доживеала многу трансформации, како во мирнодобски така и во воени услови. Во нејзинитете редови поминале илјадници професионални и доброволни пожарникари кои секогаш биле пример за придонес во општетството, пример за храброст, посветеност и пожртвуваност.

Изминатите десетина години организацијата на заштитата од пожари во Република Македонија  доживеа коренити промени. Донесен е нов Закон за пожарникарство, формирана е Дирекцијата за заштита и спасување (како главен носител на против пожарната заштита), формиран е Центарот за управување со кризи, голем дел од противпожарната заштита делегирана е на локално ниво и т.н. Сето тоа бараше брзо преструктуирање на дотогашните сили и концепти на противпожарната заштита. Во меѓувреме се случија големите шумски пожари во 2001 и 2007 година кои предизвикаа огромни финансиски и еколошки штети. Со тоа уште повеќе се потенцираше потребата од зајакнување на противпожарната заштита, како во урбани средини така и на отворен простор, во сите нејзини сегменти: превентива, подготвителни мерки и директна борба со пожарите.

Земајќи го во предвид сето ова, основна цел на Советувањето е на едно место да ги собере сите чинители во пторив пожарната заштита во Република Македонија, а негова основна задача ќе биде да направи еден пресек на состојбите во против пожарната заштита кај нас, во сите нејзини сегменти. Исто така, ќе има задача да се обиде да најде решенија за надминување на постоечките проблеми и да даде насоки за нејзин развој во иднина, во согласност со потребите на едно модерно и развиено општество, кон кое се стреми Република Македонија.

Претседател на Противпожарен

сојуз на Македонија,

Проф. д-р Никола Николов

*Љупчо Петроски

**Дирекција за заштита и спасување**

**СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Заштитата од пожари преставува дел од системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство, при појава на природни непогоди, техничко-технолошки и други видови несреќи.

Заштитата и спасувањето во Република Македонија се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува, поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција, како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

***Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката.***

Заштитата и спасувањето во Република Македонија ги организираат и спроведуваат органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на

граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, согласно нормативните и оперативните процедури.

Системот за заштита и спасување во Републиката се остварува преку:

-набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди и други несреќи;

-преземање мерки за превенција, за намалување и спречување на настанување на можните опасности;

-известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита и спасување;

-обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита и спасување;

-организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита и спасување;

-самозаштита, самопомош и заемна помош;

-мобилизација и активирање на персоналните и материјалните ресурси за заштита и спасување;

-одредување и спроведување на заштитните мерки;

-спасување и помош;

-отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;

-надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;

-давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи;

-давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;

-примање помош од други држави;

-идентификација и процена на опасностите;

-водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од природни непогоди и други несреќи и

-изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и планови за заштита и спасување и континуирано ажурирање на истите.

Заштитата и спасувањето се засновува на следните основни начела:

- секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

- во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи приоритет имаат животот и здравјето на луѓето;

- при настанување на природни непогоди и други несреќи секој е должен да помага во рамките на своите можности;

- Републиката, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, установи и служби и трговските друштва се должни, навремено да ги организираат и преземаат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

- секое физичко и правно лице, во согласност со закон, одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;

- при ангажирање на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што најпрво реагираат силите на сопственикот, односно субјектот кој стопанисува, потоа општините и градот Скопје, Републиката и меѓународната заедница;

- податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, од страна на надлежните органи и служби се јавни и транспарентно се објавуваат.

Со цел да дадеме појасна слика на системот за заштита и спасување посочуваме одделни поими и нивното значење:

- **„Природни непогоди"** се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, матерјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство;

- **„Други несреќи"** се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни матери-јали од поголем размер);

- **„Заштита од природни непогоди и други несреќи"** е преземање на организациски, технички и други мерки и употреба на технички и други средства за непосредна лична и колективна заштита на луѓето, животинскиот и растителниот свет, имотот, културното наследство и животната средина од последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи;

- **„Спасување** е преземање на конкретни мерки, активности и постапки за заштита на луѓето чиј живот или здравје се загрозени, на животните, растенијата, имотите и културното наследство од последиците на природните непогоди, и други несреќи;

- **„Помош"** е преземање на конкретни активности за одговор на природни непогоди и други несреќи од страна на стручни лица, тимови и спасувачки единици;

- **„Поддршка"** е преземање на одредени активности за логистичко обезбедување кои се во функција на заштитата и спасувањето од природни непогоди и од други несреќи, со единствена цел за зголемување на ефикасноста на одговорот на погодената заедница;

- **„Опасна материја"** е секоја материја во тврда, гасовита или течна состојба (експлозивни материи и предмети, гасови, запаливи течности, запаливи цврсти материи, самозапаливи материи, материи што во допир со водата развиваат запаливи гасови, оксидирачки материи, органски пероксиди, отрови, заразни материи, радиоактивни материи, корозивни (нагризувачки) материи и други опасни материи и производи), која ќе продре во околината, непосредно ќе го загрози животот и/или здравјето на луѓето, животните и растенијата, ќе предизвика

уништување или штета на имотот, матерјалните добра, културното наследство и природните богатства;

- **„Опасност"** е појава која ќе предизвика штета, ќе го уништи или загрози животот и здравјето на луѓето и имотот, матерјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет, културното наследство и животната средина;

- **„Загрозеност"** е вистинска или претпоставена изложеност на луѓето, животните, растенијата, имотот, културното наследство и околината, на природни непогоди, епидемии и други несреќи;

- **„Степен на загрозеност"** е очекуваниот обем на штета и другите последици од природни непогоди и други несреќи;

- **„Изложеност"** е степен до кој граѓаните, природните богатства, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење се подложени на загуби, повреди или штети предизвикани од природните непогоди и од другите несреќи;

- **„Совладливост"** е степен до кој погодената заедница може да ги редуцира загубите, повредите и штетите од природни непогоди и од други несреќи;

- **„Штета"** е непосредно уништување и оштетување од природни непогоди и други несреќи, како и трошоците за активностите и преземените мерки при отстранување и спречување на уништувањето и оштетувањето на имотот, матерјалните добра, природните богатства, културното наследство и животната средина, растенијата, повреди на луѓето и животните;

- **„Основни услови за живот при природни непогоди и други несреќи"** се итно здравствено згрижување на луѓето и животните, снабдување на загрозените со вода за пиење и храна, лекови и други основни животни потреби, одржување на хигиената, снабдување со енергија, обезбедување на неопходните сообраќајни врски и функционирање на комуналната инфраструктура, обезбедување и заштита на неопходната сточна храна, како и заштита на културното наследство.

- **„Активирање на учесниците во системот на заштитата и спасување"** е преземање на постапки и активности со кои учесниците во заштитата и спасувањето организирано се вклучуваат во спроведувањето на заштитата и спасувањето;

**- „Организирани сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи"** се посебно организирани единици или поединци во рамките на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва и другите правни лица кои навремено интервенираат во случај на опасност;

- **„Средства за заштита и спасување"** се заштитна и спасувачка опрема и орудија(алат), објекти за привремено сместување, објекти и опрема за оспособување, магацини, превозни средства, телекомуникациски и алармни уреди, како и материјал кој наменски се употребува за заштита или е предвиден за таа цел;

- **„Средства за помош"** се животните намирници, вода за пиење, облека, чевли, лекови и другите предмети, односно средства кои се наменети за помош на загрозеното и погоденото население од природни непогоди и други несреќи, за олеснување на нивниот живот;

- **„Процена на загрозеност"** е квалитативна и квантитативна анализа на податоците за рано превентирање, можни ризици и опасности за настанување на прииридни непогоди и други несреќи, со предвидување на можни последици од истите, предложен степен на заштита од опасностите и предлог за превентивни и други мерки за заштита и спасување;

- **„Намалување и спречување на настанувањето на природните непогоди и другите несреќи"** е проектирање и примена на пропишани мерки за заштита од пожари и сеизмички дејства на објекти во инвестициона градба и на објекти во употреба, преземање мерки за заштита од град, изградба на одбранбени насипи, регулирање на водотеците, уредување на шумите за заштита од пожари, пошумување на голини, изградба на акумулации за вода и преземање на други мерки пропишани со закон;

- **„Откривање на настанувањето на природните непогоди и други несреќи"** е спроведување на активности за следење на состојбите во воздухот, почвата и водата и навремено информирање.

- **„Отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи"** е преземање на урбанистичко – технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување.

## ПЛАНИРАЊЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето, учесниците во системот за заштита и спасување, изработуваат и донесуваат план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Планот за заштита и спасување се изработува врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи.

Планот за заштита и спасување ги содржи превентивните и оперативните мерки, активности и постапки за заштита и спасување.

Посебен дел од планот за заштита и спасување, преставуваат планските документи за заштита и спасување од пожари со кои се планираат, организираат и спроведуваат мерките и постапките за заштита од пожари во сите општествени средини, објекти и локалитети.

Со планските документи се разработуваат сите превентивни (во процесот на просторното и урбанистичкото планирање, проектирањето и изградбата на објектите) и оперативни мерки за заштита и спасување од пожари (откривање, спречување на ширење и гасење на појавените пожари, утврдување на причините за настанување на пожарите и отстранување на последиците предизвикани од истите).

Во рамките на планирањето, посебно треба да се нагласи потребата од изготвување на оперативните планови за заштита од пожари на отворен простор (шумски комплески и земјоделски површини), бидејќи тие всушност преставуваат појдовна основа за успешно и ефикасно гасење на појавените пожари.

Оперативните планови треба да бидат спроведливи и со нив да се предвидат сите оперативни процедури за ангажирање на персонални и материјални ресурси со кои располагаат субјектите кои стопанисуваат со шумите и земјоделските површини.

Системот за заштита и спасување, а со тоа и системот за заштита од пожари преставува мошне сложен и комплексен процес и заради тоа е потребно сите субјекти вклучени во таа проблематика максимално доследно и професионално да ги извршуваат задачите и обврските кои се во нивна надлежност и делокруг на работа, како во процесот на планирање и изготвување на планските документи, така и во процесот на преземање превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување, односно справување со појавените пожари.

Дирекцијата за заштита и спасување, како надлежен орган на Владата на Република Македонија за извршување на работите од областа на заштитата и спасувањето, има широк спектар активности во услови на природни непогоди и други видови несреќи и заради тоа интензивно презема мерки за доопремување со софистицирани материјално-технички средства и опрема на тимовите за брз одговор и единиците за заштита и спасување.

Во тој контекст, за одбележување е податокот за набавката на противпожарните навални возила за урбани средини, противпожарните возила за планински предели, авионите за гасење на пожари на отворен простор, поголем број напртњачи, противпожарни метли, грибла и слично, со што сметаме дека значително ќе се зголеми ефикасноста во справувањето со пожарите од секаков вид и обем.

Во наредниот период останува потребата за доопремување и на другите субјекти (територијалните професионални противпожарни единици, јавното

претпријатие „Македониски шуми" и неговите подружници, единиците на локална самоуправа).

Исто така, за одбележување е работата и ангажираноста на Противпожарниот сојуз на Република Македонија, кој во последната година интензивно работи на омасовување на доброволнотео пожарникарство, со формирање на нови доброволни противпожарни друштва на целата територија на Република Македонија, воспоставување соработка со единиците на локална самоуправа, асоцојацијата на приватни сопственици на шуми, овластените сервисери на противпожарни апарати и опрема, меѓународни фондации кои се занимаваат со противпожарна заштита, Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство и особено со Дирекцијата за заштита и спасување.

Кога станува збор за меѓусебната соработка треба да се нагласи дека тоа преставува основен предуслов за успешно дејствување при појава на пожари, имајќи предвид дека во голем број случаи за гасење на пожарите, особено на отворен простор се ангажираат повеќе институции, при што меѓусебната координација на активностите се наметнува како приоритетна потреба.

Со цел подигнување на ефикасноста при справување со појавените пожари, како и соодветно и рационално искористување на ангажираните персонални и материјални ресурси, Дирекцијата за заштита и спасување има воспоставено континуирана соработка со сите субјекти кои се вклучени во проблематиката на заштита и спасување од пожари и тоа со:

- Министерството за одбрана - ГШ на АРМ;
- Министерството за внатрешни работи;
- Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство;
- Управата за хидрометеоролошки работи;
- ЈП „Македонски шуми";
- Националните паркови;
- Заедницата на единници на локална самоуправа;
- Асоцијацијата на приватни сопственици на шуми;
- Противпожарниот сојуз на Република Македонија;

- Територијалните професионални противпожарни единици;

- Федерацијата на планинарски спортови;

- Градоначалниците на голем број општини;

- Други министерства, органи и институции.

Исто така, со цел навремено ангажирање и зголемување на ефикасноста во гасење на пожарите, Дирекцијата за заштита и спасување изготви Стандардни оперативни процедури за редоследот и постапката за ангажирање на персонални и материјални ресурси при локолизирање и гаснење на пожари на отворени простори, кои преку одделенијата за заштита и спасување се доставени до сите субјекти. Прилог бр. 1.

Во рамките на подготовките за заштита од пожари, во организација на Дирекцијата за заштита и спасување, односно нејзините подрачни одделенија, одржани се работни средби на кои се разработени сите прашања кои се однесуваат на заштитата од пожари и на кои се донесени соодветни заклучоци за заедничко и координирано преземање на мерки и активности во справувањето со појавените пожари и отстранување на последиците предизвикани од истите.

Имајќи предвид дека системот за заштита и спасување, а со тоа и проблематиката на заштитата и спасувањето од пожари се уредени со одредбите на Законот за заштита и спасување, од особено значење е целосно придржување кон тие одредби и исполнување на обврските пропишани со законот и со подзаконските прописи, од страна на сите субјекти и тоа како во однос на обезбедување соодветни материјално-технички средства и опрема и нивно навремено ангажирање, така и во однос на изготвување на процените за загрозеност од пожари и планските документи на сите нивоа, формирање на просторни сили за заштита од пожари, вклучување и ангажирање на месното население, ангажирање на ресурсите на јавните претпријатија, установи и служби на локално ниво и слично.

**ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И ПОМОШ ВО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ - ПОЖАРИ**

Процената и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи ја вршат комисии што ги формира:

- Владата на Република Македонија;
- советите на единиците на локалната самоуправа и
-органите на управување во трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Процената на штетата се утврдува по единствена Методологија за процена на штета што ја донесува Владата, на предлогот на Министерството за финансии.

Начинот на работа на комисиите од ставот 1 на овој член е регулиран со уредба што ја донесува Владата.

Утврдувањето на висината на штетата започнува веднаш по настанувањето на непогодата и во рок од 30 дена од престанокот на непогодата комисиите од ставот 1 на овиј член се должни да изготват извештај за утврдената штета и да го достават до комисијата што ја формира Владата.

Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди, и други несреќи што ја формира Владата, врши процена и утврдување на висината на штетата само кога Републиката ја организира односно учествува во заштитата и спасувањето.

Процената и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

Освен утврдувањето на штетата, комисијата го утврдува и обемот и висината на осигурувањето, според општите и посебните правила на осигурување кој се одбива од вкупно утврдената штета.

Комисијата што ја формира Владата по претходно добиените извештаи изготвува вкупен извештај за штетата и го доставува до Владата веднаш, а најдоцна во рок од 60 дена од престанокот на природната непогодата и друга несреќа.

Извештајот за штетата, единицата на локална самоуправа, со мислење од Министерството за финансии го доставува до Владата веднаш, а најдоцна во рок од 60 дена од престанокот на природната непогода, епидемија и друга несреќа.

Помошта може да биде во вид на непосредна парична помош, од средствата за солидарност на Републиката или помош со намалување, односно ослободување од даночните обврски, кои се даваат без обврски за враќање.

Помошта која ја добиваат единиците на локалната самоуправа и другите правни лица може да ја користат исклучиво за намената за која е дадена.

**АНГАЖИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СИЛИ ЗА**

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди, и други несреќи од поголеми размери што не можат да се спречат и чии последици не можат да се отстранат со републичките сили за заштита и спасување, на барање на командантот на Главниот штаб, Владата донесува одлука за ангажирање на меѓународни сили за заштита и спасување или сили на колективните системи за безбедност и одбрана.

Времето, начинот и условите под кои ќе се ангажираат силите од ставот 1 на овој член се пропишуваат со одлука што ја донесува Владата.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

ГЛАВЕН ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

# СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ

за редоследот и постапката за ангажирање на персонални и материјални

ресурси при локолизирање и гаснење на пожари на отворени простори

**-Прилог 1-**

Скопје, јануари 2008 година

Заради навремено, успешно и ефикасно постапување при локализирање и гаснење на пожари на отворени простори, согласно Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ'' бр. 36/04 и 49/04), Законот за пожарникарството („Сл. весник на РМ'' бр. 67/04), Законот за шумите („Сл. весник на РМ'' бр. 47/97), Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари („Сл. весник на РМ'' бр. 69/01), Командантот на Главниот штаб за заштита и спасување, донесе

**СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ**

за редоследот и постапката за ангажирање на персонални и материјални

ресурси при локолизирање и гаснење на пожари на отворени простори

**I**

Со стандардните оперативни процедури се утврдува редоследот и постапката за ангажирање на надлежните субјекти и нивните персонални и материјални ресурси при локолизирање и гаснење на пожари на отворени простори во зависност од видот, големината, локацијата и интензитетот на истите.

1.Претпријатијата што стопанисуваат со шуми и посеви во согласност со постојните законски и подзаконски акти и оператитните планови за попречување на настанување, односно локализирање и гаснење на пожари се должни:

- да обезбедат постојан надзор над овие површини во текот на целата година, а особено во период со зголемени опасности од појава и ширење на пожари.

- да формираат потребен број на мобилни екипи за локализирање и гаснење на шумски пожари и пожари на посеви и

- да обезбедат потребни материјални ресурси и други услови за навремено и ефикасно локализирање и гаснење на појавените пожари.

2. За локализирање и гаснење на пожари на отворен простор, месните самоуправи на чие подрачје има појава на шумски пожари и пожари на посеви, обезбедуваат луѓе и прирачен алат и самостојно или на повик од претпријатието кое стопанисува со шумите

или посевите, територијалната противпожарна единица, подрачните одделенија за заштита и спасување, се ангажираат во локализирање и гаснење на пожарот.

## II

Заради следење на состојбата и координирано дејствување, за секоја појава на пожар на отворен простор, како и за ангажирањето во гасење на појавените пожари, сите субјекти, до подрачното одделение за заштита и спасување доставуваат информации со сите потребни податоци.

Врз основа на добиените информации, вработените во одделението за заштита и спасување вршат увид на местото на појавениот пожар и во зависност од потребата преземаат подготвителни мерки и активности за мобилизација и ангажирање на тимовите за брз одговор и единиците за противпожарна заштита.

## III

1. По добивањето на информацијата за настанат пожар, претпријатието што стопанисува со шуми, односно посеви, веднаш на лице место упатува мобилна екипа со потребните средства и опрема за почетно гаснење, средства за врски, храна и вода за сопствени потреби, со задача:

- да го потврди постоењето за пожарот,

- да изврши процена за големината и развојот на пожарот и

- да предложи ангажирање на соодветни персонални и материјални ресурси за негово локализирање и гаснење.

Мобилната екипа веднаш по пристигнувањето на местото на пожарот се ангажира за негово локализирање и гасење и врз основа на процената, преку средствата за врски задолжително го известува одговорното лице во претпријатието за состојбата и потребата за ангажирање на дополнителни персонални и материјални ресурси.

2. Доколку има потреба, одговорното лице во претпријатието, согласно оперативниот план, презема мерки и ги упатува бараните сили, средства и опрема за гаснење на пожарот, а за тоа доставува известување до јавното претпријатие, градоначалникот на општината, подрачното одделение за заштита и спасување и регионалниот центар за управување со кризи.

3. Во случај кога за појавен пожар на отворен простор прво е известена територијалната противпожарна единица, истата **веднаш** го известува раководното лице на претпријатието што стопанисува со шумите или посевите и во рамките на своите можности се вклучува во акција за локализирање и гаснење на пожарот.

4. Мобилната екипа на претпријатието, екипата на територијалната противпожарна единица или екипите на месната самоуправа кои пристигнале на местото на пожарот, должни се **веднаш** да пристапат кон негово локализирање и гаснење, без оглед на сопственоста на површината на која е појавен пожарот.

5. По пристигнување на територијалната противпожарна единица на местото на пожарот, со акцијата за гаснење раководи старешина на територијалната противпожарна единица, се до моментот на пристигнување на стручните лица од претпријатието што стопанисува со опожарената површина.

6. Лицето кое раководи со акцијата за гасење на пожарот ја следи состојбата, ги распоредува силите и средствата, ги координира сите активности и врши редовно информирање за состојбата.

Доколку има потреба, доставува барање до градоначалникот на општината, за ангажирање на граѓани од поблиските населени места, истите ги прифаќа, им дава инструкции и ги распоредува за гасење.

7. Претпријатието што стопанисува со опожарената површина или сопственикот, се должни да обезбедат мобилна екипа (со потребен број на луѓе, средства и опрема) и да организираат дежурство, во траење од најмалку 24 часа по локализирање на пожарот, со задача да го извидува и постојано контролира опожареното подрачје, се до целосно изгаснување на пожарот.

Со оваа мобилна екипа раководи одговорно лице предвидено со оперативниот план.

## IV

1. Ако лицето кое раководи со гаснењето на пожарот процени дека со расположивите персонални и материјални ресурси не постојат услови за успешно локализирање и гаснење на пожарот, бара ангажирање на дополнителни сили и средства, од прептирјатието, односно од сопственикот на опожарената површина.

Во случај кога претпријатието, односно сопственикот не се во состојба да обезбедат дополнителни сили и средства, тогаш преку градоначалникот бара ангажирање на противпожарната единица и просторните сили за заштита и спасување од подрачјето на општината.

2. Во случај на потреба, градоначалникот или лице овлсатено од него, во согласност со оперативниот план за спречување на настанување и гасење на пожари, наредува ангажирање на населението, материјалните средства и опремата од подрачјето на општината.

Со силите ангажирани во акциите за гаснење на пожарот раководи одговорното лице на територијалната противпожарна единица, се до моментот на пристигнување на стручните лица од претпријатието што стопанисува со опожарената површина.

3. Доколку со ангажираните персонални и материјални ресурси нема можност да се локализира и изгасне појавениот пожар, градоначалникот доставува барање до Дирекцијата за заштита и спасување за ангажирање на републички сили за заштита и спасување.

Со барањето треба да се достават податоци за:

- локацијата на пожарот;

- зафатената површина;

- вид на култура што гори;

- преземените мерки и постапки за гасење на пожарот и

- јачина на силите за заштита и спасување кои треба да бидат ангажирани.

5.Со ангажирање на републичките сили за заштита и спасување во гаснење на пожарот, раководењето го презема подрачниот штаб за заштита и спасување на целиот простор и за сите учесници во акцијата.

6. За сите учесници кои се ангажирани во гасењето на пожарот, субјектите кои ги ангажирале, обезбедуваат комплетна логистичка поддршка (храна, вода, здравствена заштита, средства за врски, превоз до местото на пожарот и друго).

7. Кога подрачниот штаб за заштита и спасување, во соработка со градоначалникот, стручните лица од претпријатието, односно сопственикот на опожарената површина ќе процени дека за гасење на пожарот е потребно ангажирање на воздухоплови, за тоа го известува главниот штаб за заштита и спасување, кој одлучува и издава соодветна наредба.

Во известувањето задолжително се доставуваат податоци за:

- локацијата на пожарот;

- зафатената површина;

- вид на култура што гори;

- презамените мерки и постапки за гасење на пожарот;

- конфигурацијата на теренот;

- условите за летање;

- лице за контакт.

8. По локализирање на пожарот, подрачниот штаб за заштита и спасување со наредбата определува екипи за гасење, дежурство и контрола на опожарената површина најмалку 24 часа по целосното гасење на пожарот. Секоја екипа има одговорно лице, кое непосредно ќе раководи со активностите, до престанување на опасноста од повторување на пожарот. По завршување на сите активности за гасење на пожарот, одговорните лица поднесуваат пишан извештај до подрачниот штаб за заштита и спасување.

9. Најдоцна три дена по гасењето на пожарот, подрачниот штаб за заштита и спасување е должен да изготви целосен извештај и да го достави до главниот штаб за заштита и спасување.

Изработил: Љ.Петроски

ГЛАВЕН ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

КОМАНДАНТ,

ШАБАН САЛИУ

*Благоја Менковски

Командант на БППЗ на Град Скопје

# ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ПО ТРАНСФЕРИРАЊЕТО, ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ

## ВОВЕД

Професионалното пожарникарство во развиените земји на Европската Унија во чие интегрирање се стреми и нашата земја има многу значајна улога. Таквата негова улога е детерминирана пред се од неговиот хуманитарен карактер. Така, професионалните противпожарни единици во овие земји покрај гаснењето на пожарите и спасувањето на луѓе и материјални добра загрозени со пожари, извршуваат и многу други, исто така хумани работи, како на пр. спасување на луѓе и материјални добра во услови на сообраќајни несреќи, потоа несреќи во технолошки процеси и други хаварии, при поголеми поплави, ...

Кога станува збор за професионалните противпожарни единици, треба да се знае дека тие во современите услови на живеење се среќаваат со огромни предизвици, како на пример гаснење на пожари во големи индустриски и други комплекси кои што располагаат и со разни леснозапаливи и експлозивни материи, интервенции на гаснење пожари и спасување на луѓе во висококатници, поради што е неопходен висок степен на професионализам, едуцираност, кондиционираност и опременост на единиците.

Поради ваквиот карактер на професионалните противпожарни единици, развиените земји инвестираат големи материјални средства во нивното материјално-техничкото опремување, како и во човечките ресурси на единиците, инвестирајќи пред се во сопствената безбедност. Тука треба да се нагласи дека иако професионалните противпожарји единици во нашата земја располагаат со скромни материјално-технички и човечки потенцијали, опасностите од пожари кај нас не се ништо помали од опасностите од пожари и од други несреќи во овие земји.

Во нашата земја пожарникарството има релативно долги традиции, кои секојпат биле на нивото на економскиот развој на земјата, но за посериозен негов подем станува збор дури во седумдесетите години од минатиот век, кога се формирани територијални противпожарни единици во повеќето општини во земјата. Но исто така формирањето на територијални противпожарни единици во некои општини е од доста понов датум, дури во последната декада од минатиот век.

Територијалните противпожарни единици во нашата земја, по

ослободувањето на земјата во втората светска војна, имале различна статусна припадност. Така, веднаш по ослободувањето, според прописите на тогашната сојузна држава, тие припаѓале во состав на тогашната народна милиција. Подоцна, во шеесетите и седумдесетите години од минатиот век единиците биле во надлежност на општините. Додека во осумдесетите години исто така од минатиот век, согласно тогашниот закон за заштита од пожари, територијалните противпожарни единици делуваат во состав на општинските органи за внатрешни работи, кои што имаа и одредена вертикална поврзаност со Републичкиот секретаријат за внатрешни работи. Од 1992 година територијалните противпожарни единици во земјава делуваат во состав на централната власт, во Министерството за внатрешни работи.

Како што познато во 2002 година е донесен Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), согласно кој е започнат процесот на децентрализација во Република Македонија. Во овој закон, во членот 22 во кој што се уредени надлежностите на општините, во став (1) точка 11 од истиот закон е дефинирана и ***„ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА ШТО ЈА ВРШАТ ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ„.***

Во 2004 година донесен е Законот за пожарникарството („Сл. весник на РМ„ бр.67/04), со кој што целосно е уредено основањетона и извршувањето на надлежноста на територијалните противпожарни единици. Подоцна донесени се и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, така што е заокружена целата правна регулатива според која се извршува надлежноста од страна на територијалните противпожарни единици.

Во втората половина на 2005 година завршено е и пренесувањето на територијалните противпожарни единици, од Министерството за внатрешни работи, во надлежност на Град Скопје и општините Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Куманово, Охрид,Прилеп, Струмица, Тетово, Штип, Ресен, Кавадарци, Валандово, Дебар,Берово, Виница, Делчево, Крива Паланка, Кратово, Струга, Кичево, Крушево, Македонски Брод, Радовиш, Свети Николе, Пробиштип, ДемирХисар и Неготино.

**ПРАВНА УРЕДЕНОСТ**

Законот за пожарникарството, пожарникарството го дефинира како работа од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес (член 2 ст.2). Пожарникарството е работа чие трајно и непречено извршување го обезбедува Република Македонија и општините и Град Скопје, односно општините во Град Скопје (член 2 ст.1). Во овие законски одредби е истакнат хуманитарниот карактер на пожарникарството како и надлежноста за обезбедување на услови за непречено негово функционирање.

Законот за пожарникарството го уредува формирањето на територијалните противпожарни единици. Територијални противпожарни единици формираат Градот Скопјеи општините: . Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Куманово, Охрид,Прилеп, Струмица, Тетово, Штип, Ресен, Кавадарци, Валандово, Дебар,Берово, Виница, Делчево, Крива Паланка, Кратово, Струга, Кичево,Крушево, Македонски Брод, Радовиш, Свети Николе, Пробиштип, ДемирХисар и Неготино (член 5 ст.3). Овие законски одредби ги дефинираат општините во кои што формирањето на ТППЕ е задолжително.

Територијални ПП единици можат да формираат и општините чие седиште е оддалечено повеќе од 20 километри, од општините чија ТППЕ врши надлежност и на нивната територија (член 5 ст.4). Овој стандард за формирање на ТППЕ и во овие општини иако не е задолжителен, тој е во интерес на граѓаните, бидејќи оддалеченост на некои урбани средини повеќе од 20 километри од ТППЕ секојпат значи „задоцнета„ интервенција и поголеми последици од пожарите. За жал, треба да се истакне дека и по пет години од донесување на Зконот за пожарникарството во ваквите општини нема посериозни обиди за формирање на ТППЕ.

Заради оперативно делување при гаснењето големи пожар на целата територија на Република Македонија ТППЕ на Град Скопје и општините: Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, ВелесКавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Охрид, Кочани, Штип и Гостивар ќе дејствуваат и како противпожарни единици на Република Македонија (член 5 ст.5). Заради успешно гаснење на големите пожари кои што можат да го надминат капацитетот на ТППЕ на општината, согласно овие законски дредби ТППЕ од наведените поголеми ќе делуваат на целата територија на земјата. Законот за пожарникарството ги дефинира стандардите за определување на минималниот бројот на пожарникари во ТППЕ во (член 6 ст. 1, 2 и 3) и тоа:

(1)Минималниот број на пожарникари во противпожарните единици од

членот 5 ставови 3 и 4 на овој закон, треба да изнесува:

- во општините до 5.000 жители - 13 пожарникари, од кои најмалку четири професионални пожарникари;

- во општините од 5.000 до 12.000 жители - 13 пожарникари, од кои

најмалку девет професионални пожарникари;

- во општините од 12.000 до 24.000 жители - 17 пожарникари, од кои

најмалку 13 професионални пожарникари;

- во општините со над 24.000 жители, бројот на професионални

пожарникари се зголемува над бројот на пожарникари од ставот (1) алинеја 4 од овој член, зависно од големината на подрачјето кое го покрива противпожарната единица, степенот на загрозеноста од пожари и видот на објектите што се заштитуваат, така што во општините до 50.000 жители на секои 1.500 жители, а во општините со над 50.000 жители - на секои 2.000 жители, најмалку еден професионален пожарникар.

(2) При определувањето на бројот на пожарникари на единиците од ставот (1) на овој член, бројот на жителите на општината која формира противпожарна единица се зголемува за бројот на жителите на општината кои според одредбите на овој закон не се должни да формираат ваква единица, а нивното подрачје го покрива противпожарната единица од општината која ја формира единицата.

(3) Општината која согласно со одредбите на овој закон не формира

противпожарна единица, учествува во финансирањето на противпожарната единица формирана во општината која го покрива нејзиното подрачје.

Кога станува збор за кадровскиот потенцијал на ТППЕ треба да се истакне дека и при преземањето на единиците од Министерството за внатрешни работи, тие на рсполагаа со стандардизираниот минимален број на пожарникари, дури имаше ТППЕ во кои поради малиот број на пожарникари беше доведена во прашање извршувањето на нивната функција. Но исто така и по преземањето на единиците од страна на општините, многу малку општини имаат примено нови пожарникари, за жал без соодветно образование, за што ќе стане збор подолу во овој текст.

Законот ги пропишува и условите кои што треба да ги испонуваат лицата кои се вработуваат во ТППЕ (член 11 ст. 1, 2 и 3 и член 12 ст. 1) каде се вели:

(1) Со противпожарните единици од членот 5 на овој закон, раководи лице кое има најмалку вишо образование од техничка насока и работно искуство од најмалку две години.

(2) Во противпожарните единици од членот 5 на овој закон, на работа како пожарникар може да се прими лице, кое покрај општите услови за

вработување ги исполнува и следниве посебни услови:

- да е здравствено и психофизички способно;

- да има завршено средно образование - противпожарен техничар или

средно образование од друга насока и образование за противпожарен

техничар и

- во противпожарните единици со помалку од 30 пожарникари, да има положено и возачки испит од Ц-категорија.

Приоритет во постапката за вработување имаат лицата кои биле ангажирани како сезонски пожарникари согласно со овој закон.

(3) Психофизичката и здравствената способност од ставот (2) алинеја 1 на овој член, ја утврдува здравствена комисија што ја образува директорот на Дирекцијата. Начинот на работењето на здравствената комисија го пропишува директорот на Дирекцијата, во согласност со министерот за здравство.

(4) Стручното оспособување на професионалните пожарникари се врши во институција за оспособување и обука на кадри од областа на заштитата и спасувањето согласно со Програма утврдена од Министерството за образование и наука.

**ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ**

- **ПРИФАТОТ НА ТППЕ ВО ОПШТИНИТЕ ПО ПРЕЗЕМАЊЕ ОД МВР**

Прифатот на ТППЕ во општините со предавањето на надлежноста од МВР која во голема мерка беше исфорсиран, недоволно дефиниран и целиот тој процес ги затекна општините и единиците неподготвени, што беше причина да почетокот биде проблематичен, неизвесен и притоа во голема мерка беше доведено во прашање нормалното одвивање на редовните работни задачи. Согледувајќи ја одговорноста која ја носи организацијата на против пожарните служби како и неминовноста од нејзино нормално функционирање, набрзо во соработка со администрацијата на општината овие проблеми беа надминувани во од, со тоа што многу брзо беа согледани и предностите кои ги добија против пожарните единици со присоединувањето со локалната самоуправа. Овие предности се согледуваат од поедноставената комуникација со непоредниот раководител на општината т.е. градоначалникот, при што постои можност директно и непосредно да се запознае со проблемите и потребите на проитв пожарната единица.

## - СОРАБОТКА СО СЛУЖБИТЕ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ОПШТИНИТЕ

Уште една голема придобивка од трансферирањето на единицата во надлежност на општината е отварањето на можноста од директна соработка со јавните претпријатија во општините, со што во одредени случаи се мултиплицираат можностите на единицата за против пожарна заштита при сите видови на интервенции. Во голем број на случаи кога одредени капацитети со кои располага единицата не биле доволни за справување со настанатата ситуација сме биле помогнати со дополнителна опрема и техника како и со испомош од луѓе со која располагаат јавните претпријатија, со што директно се влијаело на намалување на штетите, како и на подобрување на безбедноста на граѓаните на општината. Нормално тие односи со јавните претпријатија се двонасочни, па така истите од нас можат да очекуваат да бидеме спремни секогаш да им помогнеме во секое време.

Соработката со останатите структури т.е. служби во општината се одвиваат исто така на високо ниво, при што секогаш излегувале во пресрет на нашите потреби од административен карактер и помагале во разни видови на проекти кои ги имала единицата. Така ќе ја истакнам ангажираноста на пример на секторот за меѓународна соработка кој секогаш ја промовирал единицата во контактите надвор од државата, при што се остварени занчајни соработки со други единици и се обезбедени занчајни донации.

## - ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА

Годишното планирање и програмирање на работата на единицата во голема мерка зависи од финасиските можности со кои располага општината, прибидејќи средствата кои се предвидени да се приберат согласно законското решение за финансирање на против пожарните единицини приближно не би ги задоволило потребите што пак е последица на брзото и недоволно разработено донесување на законот за пожарникарство со кое не се постигна рамномерно развивање и функционирање на против пожарните единици во републиката. Така единиците се оставени на тоа доколку општината е во можност да учествува во дополнително финасирање на против пожарната служба да го планираат и програмираат своето работење, па така од предвидениот буџет на единицата само една четвртина е од прибрани средства според законското решение, а остатокот го финасира општината, со што се ствара услов за развој и подобрување на условите за функционирање како и за реализација на одредени капитални инвестиции.

## - ИСПЛАТА НА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ

Согласно законот за пожарникарство обврската за исплата на плати остана на центрлано ниво, со тоа што немајќи можност директно да се учествува во дефинирањето на потребните средства во централниот буџет како и директно да се

влијае на одредувањето на висината на личните примања на вработените, тие останаа на нивото од 01.11.2005 година согласно методологијата на пресметка која ја имаше МВР, која пак долг период претходно немаше измени. Со тоа освен редовните зголемувања на платите како решение од Владата на РМ, ускратена е можноста за било какво интервенирање иако од наша страна беа направени обиди за измена на спомната методологија. Како дополнителен терет за општините кои во своја надлежност ги добија против пожарните единици кои покрај слабата опременост тие истите ги добија и со помал број на вработени од реално потребниот, со неможноста за зголемување на наменската дотација многу општини не се во можност да направат прием на нови вработени.

- **ОПРЕМУВАЊЕТО НА ТППЕ**

Во однос на опремувањето на против пожарната единица тоа се одвива согласно можностите и потребите на општината. Со оглед на ограничените финасиски можности одреден дел се обезбедува од донации за кои морам да спомнам дека се води особено сметка да таа биде согласно потребите на единицата, со тоа што се одбегнува примање на одредени материјали кои не ни се потребни, како што беше случај во 2007 година кога нашата земја беше зафатена од голем број на пожари на отворен простор кога пред се службите кои се бават со заштита и спасување на централно ниво правеа распределба на донирана опрема без да бидат сондирани реалните потреби.

При реализирање на набавување на опрема со сопствени финасиски средства секогаш се води сметка таа да биде произведена согласно сите европски нормативи со што би се избегнале дополнителни проблеми при нејзината експлоатација.

**- НАБАВКА НА ОБЛЕКА И ОБУВКИ**

Како што споменав претходно за водењето сметка да набавената опрема биде произведена согласно европските нормативи и пропратена со соодветни сертификати и останата документација така и при правењето на набавките за опрема и обувки се запазуваат истите стандарди, со што секогаш се дава акцента за личната заштитна опрема која треба да му даде дополнителна сигурност на пожарникарот при извршувањето на работните задачи. Во сето ова, проблематично при спроведувањето на набавка на облека и обувки е правилникот за видот и изгледот на униформата донесен од Дирекцијата за заштита и спасување, што е нејзина законска обврска. За посочениот правилник на мислење сме дека е застарен т.е. истиот е препишан од претходниот и не ги прати потребите на против пожарните единици со тоа што истиот повеќе се занимава како ќе биде поставеноста на џебовите на униформата отколку кои стандарди треба да бидат запазени при нејзнината изработка.

**-ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА, ОПРЕМАТА И ОБЈЕКТИТЕ**,

Поради застареноста на возниот парк со кој располага единицата кој

достигнал просечна страост  од 29 години многу е тешко да се одржат во работна кондиција против пожарните возила. И покрај тоа што направен е исчекор со обезбедување на договор за сервисирање со надворешен специјализиран авто сервис, неретко добиваме несоодветна и ненавремена услуга поради неможност да се обезбедат делови за возила кои престанале да се произведуваат во минатиот век.

Во однос на одржувањето на опремата и справите со кои располага единицата се грижи специјализиран пп сервис  кој во рамките на своите можности  го прави сервисирањето на против пожарната опрема и средствата за заштита на дишни органи. Притоа истиот врши и одредени  услуги на и на надворешни субјекти со што допринесува во дополнително прибирање на финансиски средства во буџетот на општината.

Објектите во кои е сместена против пожарната единица долг период во минатото додека надлежноста ја имаше МВР, неправедно беа маргинализирани. Инвестициите во тој поглед беа занемарливи, а условите за работа беа се потешки. Со превземањето под локална самоуправа и покрај нецелосно разрешени сопственички прашања околу објектите започнат е циклус на инвестирање во истите, со што секојдневно се подобрува состојбата која мора да напоменам дека беше очајно лоша. Голема заслуга во сето ова имаат и самите вработени во единицата кои поради намалување на трошоците за ангажирање на надворешни фирми во изведување на одредени зафати тоа го правеа самите, а се со цел подобрување на состојбата.

Исто така, вредно е да се напомене дека по подолго време започнати се подготовки за изградба на нови објекти за подобра покриенеост и рапореденост на силите за против пожарна заштита на територијата на општината.

**- ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ**

Осигурувањето на пожарникарите во споредба со периодот кога функциониравме во склоп на МВР, во голема мерка е подобрено, со тоа што сега тоа се покрива од средства на општината а не од личниот доход на пожарникарот, а исто така повеќе кратно е зголемена премијата при осигурувањето, при што е водено сметка да тоа ги покрива незгодите кои најчесто се случуваат при извршување на работните задачи. Така од аспект на осигурување на вработените како законска обврска од законот за пожарникарство член 17 во целост се почитува.

Паралелно со осигурувањето на вработените, редовно се одвива и спроведувањето на редовните медицински прегледи согласно законската обредба од законот за пожарникарство.

**- ИСКУСТВА НА ТППЕ ЗА ОПРЕМУВАЊЕ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ ОД ПОЖАР**

Искуствата за опремување на против пожарната единица од средствата за осигурување на имот од пожар, ако може да се каже како искуство е тоа што од

примопредавањето на единицата и започнувањето на прибирање на средства по овој основ според законските определби во Дирекцијата за заштиа и спасување не е добиено апсолутно ништо. Ниеднаш од страна на Дирекцијата за заштита и спасување не беше покренато прашање околу тоа кои се нашите потреби. Неколку пати во минатото соочувајќи се со тешка состојба околу опременоста особено од габаритна опрема, беа доставувани барања за итно неопходна опрема за нормално функционирање на што никогаш не стигна соодветен одговор. Така бевме препуштени на сами на себе кога на единиците им беше најтешко  во процесот на адаптација на новонастанатите односи  по превземањето во надлежноста во општините.

Како клучен момент во сето ова мора да се потенцира непостоењето на соодветен модел за распределба на средствата кои би се набавувале од така прибраните извори на финансирање.

**- ИСКУСТВА ОД ПРИБИРАЊЕТО НА СРЕДСТВА ОД ОСИГУРУВАЊЕТО НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА**

Искуствата од прибирањето на средствата од осигурување на моторни возила, како што претходно кажав ни од далеку не ги задоволуваат потребите на единицата, па така просечно се прибираат 20.000.000 денари кои не ги покриваат основните комунални потреби (струја, вода, загревање, гориво за возила), а се благодарение на несоодветниот модел за одредување на потребите кој е употребен при изготвувањето на законот за пожарникарство, кој очигледно се занимавал повеќе со се останато во пожарникарството отколку со проблематиката на ТППЕ.

*Јован Чаковски

Директор на Сектор за Заштита на шумите при Ј.П. “Македонски Шуми”

# ПОДГОТВЕНОСТА НА Ј.П. вМАКЕДОНСКИ ШУМИг ЗА ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ ОД ПОЖАРИ И СОРАБОТКАТА СО ОСТАНАТИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост на територијата на Република Македонија „Македонски Шуми” п.о. - Скопје е основано со Одлука на Владата на РМ бр. 3028/1 од 15.12.1997 г. (Сл.Весник на РМ бр. 65/97), а започна со работа на 01.07.1998 г. како правен следбеник на дотогаш постојните претпријатија за стопанисување со шуми.

ЈП „Македонски Шуми” стопанисува со површина од 935.000 ha, од кои 817.000 ha или 90 отсто од вкупниот шумски фонд се во државна сопственост, додека 89.000 ha, се во приватна сопственост.

Според форма на одгледување, шумите во Македонија со кои стопанисува ЈП „Македонски Шуми” високостеблени се на површина од 262790 ha или 29 проценти и нискистеблени, на површина од 643.000 ha или 71 проценти од вкупната површина под шуми.

Според намената, 92 отсто од шумите се од стопански карактер, и тие се протегаат на површина од 834.347 ha, 17.617 ha се под заштитни шуми, а 54.036 ha опфаќаат шумите со посебна намена.

Вкупната дрвна маса со која што располага ЈП „Македонски Шуми” изнесува 74.343.000 $м^3$, со вкупен годишен прираст од 1.800.000 $м^3$.

Организационата структура на ЈП „Македонски Шуми” е следнава:

- Управен Одбор
- Генерален директор

- Советник за Шумарство
- Советник за односи со јавноста

- Сектор за Заштита на Шуми
- Сектор за Користење на Шуми
- Сектор за Комерцијални работи
- Сектор за План и анализа
- Сектор за материјално и финансиско работење
- Сектор за Лов и ловен Туризам и фарми
- Сектор за Одгледување подигање на шуми и екологија
- Сектор за Општи, правни и кадровски работи
- Сектор за Инвестиции и развој
- Сектор за Уредување на Шумите

Како што се гледа и од организационата структура, заштитата на шумите од пожари во надлежност е на Секторот за Заштита на шумите. Исто така, во секоја Подружница ја ЈП „Македонски Шуми" постои инженер - одговорно лице за оваа проблематика.

Шумските пожари според бројот, обемот на штетата искажана преку опожарена површина и дрвна маса, се анализирани за период од 10 години, и тоа 1998-2007 година. При тоа, податоците се однесуваат за шумските пожари на подрачјето од 30 шумски стопанства, односно подружници во ЈП „Македонски Шуми".

**Табела 1. Број на шумски пожари по години (1998-2007)**

| Година | ПОЖАРИ | | ОПОЖАРЕНА ПОВРШИНА | | ОПОЖАРЕНА ДРВНА МАСА | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | индекс | Хектари | индекс | $M^3$ | индекс |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1998 | 151 | 100,0 | 2 859 | 100,0 | 26 104 | 100,0 |
| 1999 | 90 | 59,6 | 1465 | 51,2 | 5 687 | 21,8 |
| 2000 | 398 | 263,6 | 32 939 | 1 155,8 | 562 303 | 2 154,1 |
| 2001 | 255 | 168,9 | 7 312 | 255,8 | 84 451 | 323,5 |
| 2002 | 121 | 80,1 | 1 726 | 60,4 | 9 145 | 35,0 |
| 2003 | 193 | 127,8 | 2 282 | 79,9 | 15 328 | 58,7 |
| 2004 | 161 | 106,6 | 2 034 | 71,1 | 15 130 | 58,1 |
| 2005 | 260 | 172,2 | 3 361 | 117,6 | 7 313 | 28,0 |
| 2006 | 185 | 122,5 | 3 065 | 107,2 | 23 517 | 90,1 |
| 2007 | 620 | 410,6 | 39 162 | 1 369,8 | 392 914 | 1 505,2 |
| **Вкупно:** | **2 434** | **-** | **96 204** | **-** | **1 141 892** | **-** |
| **Прос.** | **243,4** | **17,0** | **9 620,4** | **33,8** | **114 184,2** | **35,2** |

Оттука може да се констатира дека годините **2000-та** и **2007-та**, според бројот на шумските пожари и според обемот на штетите (опожарена површина и дрвна маса), се екстремни години. Вкупната опожарена површина за овој период изнесува 96 204 ha, а вкупниот број на пожари 2 434. Вкупните штети од овие пожари беа проценети на околу 50 000 000 евра, што претставува енормно висока штета. Покрај првичните анализи, за да се утврдат реалните причини и фактори кои ги предизвикале ваквите екстремни и катастрофални појави, потребни се подетални анализи. Според анализата направена за шумските пожари во овој период, состојбата по Подружници е како што е прикажана во

Табела бр. 2. Од неа може да се види дека најзагрозени Подружници од шумски пожари се: Берово, Битола, Велес, Кичево, Македонски Брод, Пехчево, Прилеп, Радовиш, Скопје и Струмица.

**Табела бр.2 Обем и број на шумските пожари, опожарена површина и оштетена дрвна маса по Подружници (1998-2007)**

| Ред број | Подружница | Број на пожари | % | Хектари | % | Дрвна маса м$^3$ | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Берово | 97 | **4,0** | 3 852 | **4,0** | 60 363 | **5,3** |
| 2 | Битола | 125 | **5,1** | 13 833 | **14,4** | 65 826 | **5,8** |
| 3 | Валандово | 36 | 1,5 | 4 452 | 4,6 | 5 748 | 0,5 |
| 4 | Велес | 246 | **10,1** | 18 933 | **19,7** | 458 791 | **40,2** |
| 5 | Виница | 76 | 3,1 | 849 | 0,9 | 574 | 0,1 |
| 6 | Гевгелија | 63 | 2,6 | 4 021 | 4,2 | 28 600 | 2,5 |
| 7 | Гостивар | 132 | 5,4 | 2 314 | 2,4 | 30 429 | 2,7 |
| 8 | Дебар | 43 | 1,8 | 318 | 0,3 | 3 030 | 0,7 |
| 9 | Делчево | 63 | 2,6 | 788 | 0,8 | 130 | 0,01 |
| 10 | Демир Капија | 22 | 0,9 | 1 387 | 1,4 | 32 980 | 2,9 |
| 11 | Демир Хисар | 80 | 3,3 | 2 600 | 2,7 | 19 465 | 1,7 |
| 12 | Кавадарци | 87 | 3,6 | 1 859 | 1,9 | 1 013 | 0,1 |
| 13 | Кичево | 159 | **6,6** | 4 914 | **5,1** | 17 160 | **1,5** |
| 14 | Кочани | 57 | 2,3 | 1 196 | 1,2 | 6 693 | 0,6 |
| 15 | Крива Паланка | 31 | 1,3 | 538 | 0,6 | 4 403 | 0,4 |
| 16 | Кратово | 2 | 0,1 | 44 | 0,01 | 396 | 0,03 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Куманово | 29 | 1,2 | 2 465 | 2,6 | 11 103 | 1,0 |
| 18 | Крушево | 70 | 2,3 | 748 | 0,8 | 2 772 | 0,2 |
| 19 | Мак. Брод | 104 | 4,3 | 2 932 | **3,0** | 33 172 | **2,9** |
| 20 | Охрид | 39 | 1,6 | 560 | 0,6 | 19 545 | 1,7 |
| 21 | Пехчево | 152 | **6,2** | 832 | **0,9** | 2 276 | **0,2** |
| 22 | Прилеп | 152 | **6,2** | 6 110 | **6,4** | 60 510 | **5,3** |
| 23 | Радовиш | 93 | **3,8** | 1 782 | **1,9** | 38 653 | **3,4** |
| 24 | Ресен | 34 | 1,4 | 1 072 | 1,1 | 0 | 0,0 |
| 25 | Свети Николе | 6 | 0,2 | 102 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| 26 | Скопје | 224 | **9,2** | 10 144 | **10,5** | 98 305 | **8,8** |
| 27 | Струга | 48 | 1,9 | 484 | 0,5 | 790 | 0,1 |
| 28 | Струмица | 108 | **1,6** | 2 444 | **2,5** | 33 722 | **3,0** |
| 29 | Тетово | 38 | 1,5 | 2 865 | 3,0 | 24 665 | 2,2 |
| 30 | Штип | 18 | 0,7 | 1 766 | 1,8 | 80 777 | 7,1 |
| **Вкупно:** | | **2 434** | **100,0** | **96 204** | **100,0** | **1 141 892** | **100,0** |

Најчести причини за појава на шумските пожари во Македонија се:

- Палење на стрништата
- Палење/чистење на пасиштата
- Невнимание на учесниците во сообраќајот (автопати и железница)
- Намерни палења
    - безправна сеча
    - политички мотивирани
    - собирање на печурки и сл.

Судејќи според погоре изнесеното ЈП „Македонски Шуми" во поедини години има исклучително големи проблеми со шумските пожари. Последиците од нив се долготрајни и разновидни, како економски така и биолошки.

**Подготвеноста на ЈП „Македонски Шуми" за заштита од Шумските пожари**

Областа на зашитата на шумите од пожари ја регулира Законот за пожарникарство, Законот за шуми и Правилникот за посебни мерки за заштита на шумите од пожари (усвоен од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на Член 52 став 2 од Законот за шуми - Службен весник на Република Македонија бр.47/97 и 7/2000).

ЈП „Македонски Шуми" односно правното лице кое врши стопанисување, вклучувајќи ја и заштита на шумата, во согласност со постојните законски и подзаконски акти подготвува Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари. Годишниот оперативен план за заштита на шумите од пожари ја има следнава содржина:

1. Состојба на загрозеноста и сопствените можности за заштита на шумите од пожари;
2. Оперативни мерки за заштита на шумите од пожари;
3. Прилози.

Овие три главни поглавја понатаму се поделени на вкупно 36 подточки.

Во склад со законската регулатива и подзаонските акти и во склад со своите финансиски можности, Ј.П. „Македонски Шуми" располага со следните средства и опрема за гаснење на шумски пожари (Табела бр.3).



Слика бр. 1 Спремиште на ПП алат и опрема (“Лопушник” - Кичево)

Со оглед на расположивите средства и опрема основните проблеми со кои се соочува ЈП „Македонски Шуми” се:

- Недоволен број на специјални возила за гаснење на шумски пожари
- Недоволна и несоодветна обученост на гасначите и
- Недоволна опременост на гасначите со опрема за лична безбедност (соодветна облека и обувки)

Табела бр.3 Средства и опрема за гаснење на шумски пожари

| Бр. | Подружница | Број на луге-гасначи | Средсва и опрема | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Нараменици | Метли | Гребла | Лопати | Секири | Моторни пили | Копачи |
| 1. | Свети Николе | 14 | 10 | 4 | 2 | 3 | 2 | 3 | |
| 2. | Струга | 80 | 7 | 13 | 13 | 10 | 10 | 1 | |
| 3. | Кратово | 36 | 3 | 22 | 2 | 2 | 5 | 5 | |
| 4. | Крушево | 21 | 4 | 4 | 4 | | 5 | 4 | |
| 5. | Тетово | 10 | 4 | 3 | 10 | 3 | 1 | 1 | |
| 6. | Гостивар | 22 | 4 | 8 | 3 | 6 | | 2 | |
| 7. | Македонски Брод | 50 | 10 | 6 | 5 | 20 | 3 | 1 | 10 |
| 8. | Кочани | 55 | 8 | 5 | 10 | | 5 | 3 | |
| 9. | Куманово | 43 | 19 | 16 | | 9 | 16 | 2 | 11 |
| 10. | Кавадарци | 150 | 11 | 11 | 28 | 7 | 8 | 4 | 26 |
| 11. | Крива Паланка | 81 | 4 | 15 | 10 | 10 | | 1 | 5 |
| 12. | Кичево | 147 | 8 | 10 | 32 | 12 | 4 | 2 | |
| 13. | Дебар | 25 | 5 | 10 | 5 | | 5 | 5 | 5 |
| 14. | Велес | 78 | 9 | 68 | 7 | 6 | 4 | 1 | 50 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Прилеп | 100 | 10 | 10 | 2 | 25 | 9 | | |
| 16. | Радовиш | 50 | 8 | 10 | 12 | | | | |
| 17. | Валандово | 20 | 10 | | | | | 2 | |
| 18. | Делчево | 40 | 25 | 5 | 8 | 10 | 10 | 3 | |
| 19. | Берово | 125 | 7 | 5 | 7 | 8 | 3 | 1 | |
| 20. | Виница | 70 | 5 | 6 | 6 | | | | 5 |
| 21. | Пехчево | 18 | 3 | 10 | 7 | 3 | 2 | 1 | 8 |
| 22. | Штип | 32 | 8 | 30 | 30 | 10 | 20 | 5 | 30 |
| 23. | Скопје | 38 | 6 | 20 | 10 | 10 | 5 | 2 | 20 |
| 24. | Битола | 50 | 8 | 120 | 3 | 50 | 20 | 5 | |
| 25. | Охрид | 50 | 12 | 12 | 10 | | | 1 | |
| 26. | Ресен | 32 | 12 | 20 | 5 | 5 | 1 | | |
| 27. | Демир Капија | 38 | 15 | 2 | 2 | 10 | 5 | 5 | 10 |
| 28. | Гевгелија | 53 | 4 | 5 | | 10 | 5 | 1 | |
| 29. | Струмица | 125 | 10 | 27 | 20 | 10 | 5 | 1 | |
| 30. | Демир Хисар | 78 | 5 | 14 | | 40 | | 1 | |
| | **Вкупно:** | **1731** | **254** | **491** | **253** | **279** | **153** | **63** | **180** |

**Соработка со останатите институции и организации во Република Македонија**

Како што веќе споменавме, според постоечките законски регулативи, ЈП „Македонски Шуми" има обрска да ја штити шумата од негативни влијанија, вклучувајќи ги и шумските пожари.

Покрај опременоста и обученоста еден од најважните фактори за успешно справување со шумските пожари е и соработката со останатите институции и организации во системот на заштитата. ЈП „Македонски Шуми" според досегашното искуство најголема соработка во однос на заштитата на шумите од пожари имала со:

***- Дирекцијата за заштита и спасување:*** Оваа соработка се огледа во доменот на инспекцијата и заедничкото делување при локализирање и гасење на шумските пожари.

***- Професионалните ПП единици:*** Во случаите кога силите на ЈП „Македонски Шумиг не се доволни да се локализира и изгасне некој шумски пожар, на помош доаѓаат професионалните ПП единици.

***- Локалната самоуправа:*** Локалната самоуправа има голема улога при организирањето на превентивните мерки за заштита на шумите од пожари, но исто така и при логистичката подршка (со луѓе и опрема) при локализирање и гаснење на поголеми шумски пожари на нивната територија.

***- Армијата на Република Македонија:*** Најчеста е соработката за време на локализирање и гаснење на шумските пожари, односно преку ангажирање на ресурси од армијата при овие акции. Вообичаено тоа се војници-гасначи и ангажирање на леталата (хеликоптерите) на АРМ.

***- Центарот за управување со кризи:*** Во сличаи како што беше 2007 год., кога за време на големите шумски пожари беше прогласена кризна состојба во Република Македонија, соработката со ЦУК е од големо значење. Тоа е уште појасно ако се знае фактот дека во таква ситуација тие ги координираат сите активности на теренот.

***- Управата за хирдометеоролошки работи:*** Еден од важните фактори за развој на шумските пожари и за предвидување на натамошните активности за нивното гаснење е временската состојба. Податоците за време на пожарната сезона што се добиваат од УХМР се од големо значение за ЈП „Македонски Шумиг.

***- Противпожарен Сојуз на Македонија:*** Соработката со ПСМ најповеќе е во доменот на организирањето и спроведувањето на превентивните мерки за заштита на шумите од пожари. Исто така, во одредени делови на Македонија членови на ПСМ односно ОППС-и и ДПД-а земаат активно учество во локализирањето и гаснењето на шумските пожари.

***-Шумската полиција:*** Во фазата на рано откривање на пожарите и откривање на причинителот соработката со шумската полиција е голема. Исто така, шумската полици, во согласност со своите задолженија и капацитети, често пати учествува и при гасењето на пожарите.

Сето ова шематски е прикажано на Цртеж бр. 1

Цртеж бр 1. Шема на ангажирани сили за гасење на шумските пожари

| Големина на пожарот | Сили кои учествуваат во гасењето на пожарот |
|---|---|
|  | **ПШС (Подружница за стопанисување со шумите) Шумочувар, Месно население, ПШС Вработени** |
|  | **ПШС Вработени, Месно население, ДЗС(Дирекција за заштита и спасување), ППЕ (против пожарни единици)**<br>**ЦУК (Центар за управување со кризи),** |



**ПШС Вработени, Месно население, доброволци, ДЗС (копнени и воздушни сили), ППЕ, АРМ (копнени и воздушни сили), МВР, ЦУК (Центар за управување со кризи)**

Земајќи го сето ова во предвид сосема е јасно дека ЈП „Македонски Шуми" во своите активности за заштита на шумите од пожари соработуваат со голем број на субјекти, како во доменот на превентивата и пресупресијата така и во доменот на супресијата. Со оглед на степенот на организационата поставеност на сите институции и организации, нивнта опременост (со материјални и човечки ресурси) соработката не секогаш е на највисоко ниво. Главни причини за ова се:

- Недоволната опременост (со материјални и човечки ресурси)
- Преклопувања на надлежностите
- Недоволна координираност во акциите
- Немање на стандардни процедури за одредени ситуации
- Недостаток на финансиски средства и сл.

Без оглед на сите овие недостатоци, во пракса има многу примери каде што соработката на ЈП „Македонски Шуми" со другите институции и орагнизации од системот за заштита на шумите од пожари била на многу високо ниво. Најчестата причина за ваквите позитивни примери е личното залагање на поединци од различни институции и организации, односно личните меѓусебни релации кои придонесуваат за сигурност и доверба во акциите.

**Заклучоци и предлог мерки**

1. **Опременостна на ЈП „Македонски шуми", особено со специјални возила, е на незадоволително ниво. За да се надмине ваквата состојба потребно е да се набави**

**минимален број на вакви возила, но тоа не би требало да биде на терет само на ЈП „Македонски шуми".**

2. **Подготвеноста/обученоста на гасначите не е на задоволително ниво. За да се подобри ваквата состојба потребно е да се изготви соодветна унифицирана програма за обука на гаснaчи на шумски пожари и обуката да се спроведува во однапред определени термини во годината за таа намена.**

3. **Соработката на ЈП „Македонски шуми" со другите институции и организации не секогаш е на задоволително ниво. За подобрувањето на ваквата состојба потребно е да се проверат и подобрат постапките и процедурите за заедничко делување (превентивно, пресупресивно и супресивно). Исто така, потребно е да се изготви програма за работа, со термини во годината, на заеднички состаноци (на сите институции и организации) со цел да се подобри нивната координираност во заедничките активности.**

*Никола Бојковски

**Претседател на Противпожарен сојуз на Град Скопје**

# ДОБРОВОЛНОТО ПОЖАРНИКАСТВО ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРАВНА РЕГУЛАТИВА, АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ

## ВОВЕД

Доброволното пожарникарство во Република Македонија припаѓа во т.н. граѓански сектор на невладини, непартиски, ненационални и нерелигиозни организации. Суштината на неговото делување и опстојување е во заштитата на граѓаните и материјалните добра од пожари. Впрочем, самиот Закон за пожарникарството (“Сл. весник на РМ“ бр. 67/04), пожарникарството го уредува како работа од стручен и хумантитарен карактер од јавен интес.

Улогата на доброволното пожарникарство во градењето на системот за заштита од пожари, практично е незаменлива. Таквата негова улога кореспондира со потребата за масовна превентива и едукација, со пофат на сите граѓани во земјата.

Во развиените земји на Европската Унија со високи стандарди и современо пожарникарство, волонтерско-доброволното пожарникарство има свое посебно, релевантно место. Во повеќето од овие земји доброволното пожарникарство е развиено до степен на совршенство. Практично да нема ни помало населено место, населба или кварт, во кој не делува доброволно противпожарно друштво или друг облик на здружување, подготвено и опремено за превентивно и оперативно делување во акции на гаснење на пожари. Овие општества, пред се локалните заедници, издвојуваат релативно големи средства за оваа намена, се разбира под сознанието дека тоа се прави пред се за сопствената безбедност, како и за безбедноста на другите граѓани.

Во нашата земја доброволното пожарникарство има релативно долги традиции. Неговите историски корени се поврзуваат со втората половина на деветнаесеттиот век, кога во градот Битола, во 1836 година е формирана првата противпожарна единица. Кулминацијата во развојот тоа ја достигнува во осумдесеттите години од минатиот век, кога

располага со повеќеилјадно членство, изградени противпожани домови, опрема, вработени и се разбира со богата активност како во превенирањето на ризиците од пожари, така и активно учество во акциите на гаснењето пожари. Треба да се истакне дека во многу општини во Република Македонија, доброволното пожарникарство било предходник на формирањето на професионалните противпожарни единици.

Тешкотиите во делувањето, се разбира и падови во активностите, се поврзуваат со последната декада од минатиот век, кога настануваат сериозните потешкотии во неговото финансирањето, кои го следат се до денес. Но, за актуелниве состојби ќе стане збор подолу во овој текст.

Целта на овој труд е обид на авторот да ја презентира правната регулатива која што го уредува доброволното пожарникарство во нашата земја, да даде свое видување на актуелните состојби, како и да ги презентира позитивните искуства во делувањето на доброволното пожарникарство во Град Скопје. Но, исто така, цел е и да се поттикнат одговорните лица на локалната самоуправа од неопходноста, за подршка на доброволното пожарникарство во општините, преку обезбедување на финансиски средства за нивните програмски активности, што всушност е и нивна законска обврска.

## ПРАВНА РЕГУЛАТИВА

За разлика од останатите повеќеилјади веќе формирани здруженија на граѓани, чие што основање и делување е уредено со Законот за здруженија на граѓани и фондации, во нашата земја, **доброволното пожарникарство како сегмент на пожарникарството,** е уредено и со Законот за пожарникарство, на кое практично, на одреден начин му е дадена и посилна правна положба.

Во општите одредби на овој закон утврдено е дека:

***„Пожарникарството е работа чие трајно и непречено извршување го обезбедува Република Македонија и општините и градот Скопје во согласност со закон"*** (член 2 ст.1).

***„Пожарникарството е работа од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес"***(член 2 ст.2).

***„Пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување на Републиката"*** (член 3).

Веќе во општите одредби на Законот за пожарникарство утврдена е обврска на единиците на локалната самоуправа за обезбедување на услови за трајно и непречено извршување на функцијата на пожарникарството, според тоа и на доброволното пожарникарство.

Овој закон содржи едно цело поглавје во кое е утврдено формирањето на доброволни противпожарни друштва, доброволни противпожарни единици, здружувањето во противпожарни сојузи, превентивно делување, учеството на доброволните противпожарни единици во акции на гаснење на пожари и тн. За што ќе стане збор подолу во текстот.

***„Заради организирано учество на граѓаните во заштитата од пожари и други непогоди, во согласност со закон и други прописи, во општините можат да се формираат доброволни противпожарни друштва, кои претставуваат дел од единствениот систем на заштита од пожари"*** (член 21 ст.1).

***„Доброволните противпожарни друштва, можат да се здружуваат во општински противпожарни сојузи и во Противпожарниот сојуз на Република Македонија"*** (член 21 ст.2).

Овие законски одредби ја уредуваат формата на здружувањето на граѓаните заради нивно учество во заштитата од пожари, како и можноста и формата за здружување во повисоките облици на делување, односно друживање во општински и во Противпожарниот сојуз на  Република Македонија.

***„Општините, градот Скопје односно општините во градот Скопје во согласност со закон, обезбедуваат ,простор и финансиски средства за тековна активност на доброволните противпожарни друштва и општинскиот противпожарен сојуз на своето подрачје"*** (член 21 ст.3).

***„Финансиски средства за финансирање на програмските активности на доброволните противпожарни друштва и нивните здруженија на подрачјето на општината, како и за финансирање на ангажманот и потребите на сезонските пожарникари и граѓаните кои учествуваат во акции на гаснење на пожари се обезбедуваат од:***

***- Буџетот на општината и Буџетот на Град Скопје;***

***- 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила (каско) и осигурување ододговорност од употреба на моторните возила;***

***- средства од наплатени пари;ни казни за сторени прекрШоци од областа на заштита од пожари и експлозии;***

***-доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари"*** (член 49 ст.1 ал. 2,4,5 и ал.6).

Овие законски одредби јасно и недвосмислено упатуваат на надлежноста , односно обврската на единиците на локалната самоуправа, да обезбедат простор за сместување и финансиски средства за финансирање на програмските активности на доброволните противпожарни друштва и противпожарниот сојуз, кои што делуваат на нивната територија. Според сознанијата на авторот на овој текст, најголемиот број на диници на локалната самоуправа без оправдани причини, манифестираат инертност и го одбегнуваат имплементирањето на оваа законска обврска, наместо тие да бидат иницијатори и поттикнува;и на ваквите активности, што е од интерес за безбедноста од пожари на сите граѓани во општината.

**Како засега единствен светол пример кој што може да се посочи за доследно имплементирање на законските одредби кои го уредуваат финансирањето на доброволното пожарникарство, е ГРАДОТ СКОПЈЕ.**

Имено, по донесувањето на Законот за пожарникарство и трансферирањето на надлежноста од централната валст на единиците на локалнтата самоуправа, Град Скопје, во Буџетот на Градот, обезбедува финансиски средства за финансирање на програмските активности на Противпожарниот сојуз на Град Скопје. Овие финансиски средства, квартално, во календарската година му се ставаат на располагање на Сојузот.

Планирањето и обезбедувањето на финиансиските средства во Градот Скопје се реализира по утврдена постапка. Така, Противпожарниот сојуз донесува годишна Програма во која описно се дефинираат програмските одредници кои што треба да се реализираат во текот на годината. Во истата Програма, поместен е и финансиски план во кој се дефинирани износите на финансиските средства потребни за реализирање на секоја програмска активност одделно. Откако Програмата ќе биде усвоена во структурите на Град Скопје, во Буџетот на градот, како посебен негов сегмент, се определуваат финансиските средства за Противпожарниот сојуз на Град Скопје, за односната буџетска година.

Кога станува збор за програмирањето на активностите и планирањето на финансиските средства на општинските противпожарни сојузи, треба да се потенцира дека, годишната Програма се деонесува во времето на подгоровка на Буџетот на единиците на локалната самоуправа, за наредната календарска година (во месеците октомври-ноември). На тој начин, навремено,во буџетите на општините има можност да се обезбеди планирање на финансиски средства за финансирање на доброволната противпожарна организација во општините.

Законот за пожарникарство, исто така, комплексно го уредува и учеството на доброволните пожарникари во гаснењето пожари.

***„Заради учество во гаснење на пожари и спасување на лиѓе и имот, доборовлните противпожарни друштва можат да формираат доброволни противпожарни"***(член 22 ст.1).

***„Доброволните противпожарни единици треба да имаат најмалку десет доброволни пожарникари"*** (член 22 ст.2).

***„Доброволните противпожарни единици заради гаснење на пожари имаат противпожарна опрема, средства за гаснење пожари, лична заштитна опрема и униформи"*** (член 22 ст.3 и 4).

***„Во доброволните противпожарни единици можат да се вработуваат професионални пожарникари"*** (член 24 ст.1).

*„Оперативен пожарникар во доброволна противпожарна единица може да биде лице кое:*

- *е на возраст меѓу 18 и 65 години (мажи), односно до 55 години (жени);*
- *е здравствено и психофизички способно за извршување на пожарникарски работи и*
- *има завршено курс за доброволен пожарникар"* (член 23 ст.1).

*„Приоритет во постапката за вработување на пожарникари во територијалните противпожарни единици имаат лицата кои биле ангажирани како сезонски пожарникари, согласно со закон"* (член 11 ст.2).

*„Заради гаснење на пожари во шуми и други отворени простори, во услови на зголемена опасност од настанување на вакви пожари, на барање на Дирекцијата за заштита и спасување, општините ангажираат сезонски пожарникари, кои дејствуваат во состав на територијалните противпожарни единици. Приоритет при ангажирањето на сезонски пожарникари имаат пожарникарите на доброволните противпожарни единици и друштва во кои членувале најмалку две години"* (член 7 ст.1).

*„Трошоците за ангажирањето на сезонските пожарникари паѓаат на товар на општината од која тие се ангажирани"* (член 7 ст.4).

*„Заради учество во гаснење пожар, работодавецот е должен да ги ослободи од работа пожарникарите на доброволните противпожарни единици "*(член 25).

*„Доброволните пожарникари кои се во работен однос, а кои учествуваа во гаснење пожари за време на работното време, имаат право на надомест на плата не помал од платата предвидена за нивната редовна работа, кој не треба да биде помал од просечната месечна плата по работник во Република Македонија. Работодавецот има обврска за исплаќање на овој износ, а потоа трошоците се рефундираат од буџетот на општината на чие подрачје е гасен пожарот"* (член 26 ст.1 и 2).

*„Доброволните пожарникари кои не се во работен однос, како и доброволните пожарникари ангажирани надвор од работното време, имаат право на надомест кој сразмерно на нивното време на ангажирање во гасење на пожарот, не треба да биде*

***помал од просечната плата во Република Македонија, а паѓа на товар на општината на чие подрачје е гаснет пожарот"*** (член 26 ст.3).

***„Пожарникарите на доброволните противпожарни единици имаат право на платено отсуство од работа во времетраење од еден работен ден, за секои пет дена ефективно поминати на гасење на пожар во нивната противпожарна единица, за што средствата паѓаат на товар на општината"*** (член 26 ст.5).

***„Доброволен пожарнкар заради учество во гаснење на пожари со противпожарната единица во која е ангажиран, не може да биде отпуштен од работа, распореде на друго работно место или оштетен на друг начин"*** (член 27).

***„Доброволен пожарникар кој за време на гаснењето на пожар ќе се повреди или разболи, а таа повреда или болест настапи непосредно или како исклучителна последица од гаснење на пожаротгуран, е осигуран согласно со прописите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за повреди на работниците за време на работа"*** (член 28).

Законот за пожарникарство, учеството на доброволното пожарникарство во гаснењето на пожарите го уредува како дел од едниствениот систем за заштита и спасување од пожари, давајќи му релевантно место. Така уредено е формирањето на доброволните противпожарни единици, обуката на доброволните пожарникари, опремата, средствата за гаснење, униформите, надоместот на плата и други права, какои и осигурувањето за време на ангажирањето во акции на гаснење на пожари. Законот исто така уредува дека доброволните пожарникари во доброволните противпожарни единици, имаат приоритет при вработувањето во територијалните противпожарни единици, во согласност со закон.

За жал, по истекот и на повеќе од пет години од донесувањеро на Законот за пожарникарство, ваквите можности не се имплементирани, иако во неколку општини (Демир Капија, Градско, Дојран, Македонска Каменица, Богданци, Кривогаштани и некои други општини), со многу тешкотии формирани се доброволни противпожарни единици, чие делување сеуПте е далеку од потребното ниво.

Кога станува збор за учеството на доброволното пожарникарство во акции на гаснење на пожари, во рамките на системот за заштита и спасување од пожари во земјата,

треба да се истакне и надлежноста на Дирекцијата за заштита и спасување за ангажирање на сезонски пожарникари. Имено, во услови на зголемена опасност од настанување на шумски пожари, Дирекцијата за заштита и спасување може да побара од општините тие да ангажираат сезонски пожарникари, се разбира дефинирајќи го бројот и периодот за нивното ангажирање. Ваквото барање е облигаторно за општините, на чиј товар паѓаат и финансиските средства  за ангажирањето на пожарникарите. Имплементирањето на овие законски одредби, покрај обезбедувањето на стручни и организирани форми на делување во фаснењето на пожарите, може дда ги поттикне општините тие да се ангажираат за подршка на доброволното пожарникарство, што впрочем е и нивна законска обврска.

**АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДОБРОВОЛНОТО ПОЖАРНИКАРСТВО ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

Како што е познато, со Законот за пожарникарство, какои со статутите на доброволната противпожарна организација во земјава, во единиците на локалната самоуправа, дефинирани се две основни организациони форми на делување, доброволни противпожарни друштва и општински, односно градски противпожарни сојузи. Доброволните протипожарни друштва се основните клетки на организирање и делување, на кои треба да почива целокупната доброволна организација. Впрочем и зачленување на граѓаните во доброооволната противпожарна организација се врши во составот на доброволните противпожарни друштва. Додека пак, противпожарните противпожарните сојузи се асоцијации на доброволните противпожарни друштва во кои тие доброволно се здружуваат.

Веќе беше спомнато дека доброволното пожарникарство во нашата земја има релативно долги традиции (почетоците се од 1836-тата година). Кулминацијата во развојот тоа ја достигнува во осумдесетите години од минатиот век, кога располата со повеќеилјадно членство, изградени противпожарни домови, опрема, вработени и се равира со богата активност како во превентирањето на ризиците од пожари, така и активно учество во акциите на гаснењето пожари.

Надолниот тренд во организирањето и делувањето на доброволното пожарникарство започнува на почетокот од последната декада на минатиот век, со почетокот на градењето на нов политички систем во земјава, Тогаш настануваат првите поголеми проблеми со финансирањето, кое што се рефлектирашр на севкупната организација и делување. Ваквиот тренд, за жал трае до денешен ден, кој што има за последици згаснување со активност на многу доброволни противпожарни друштва,

релативизирање наактивностите на општинските противпожарни сојузи, осипување на членството, узурпација па противпожарните домови од други субјекти, нестанување на противпожарна опрема, и што е најбитно, отсуство или минимизирање на активностите преку кои се делува во заштитата на граѓаните и материјалните добра од пожари. Треба да се нагласи дека во некои општински организации доброволното пожарникарство опстоило благодарение на некои ентузијасти и вљубеници во противпожарната заштита. Од друга страна, пак, местото на волонтерската противпожарна организација во општините неможе да се попони со делување на ниедна друга структура, бидејќи таа почива на принципите на масовност и компетенетност, впрочем тоа е така во сите земји со вискои стандарди и развиено пожарникарство.

Кога станува збор за доброволното пожарникарство во единиците на локалната самоуправа, треба да се истакне дека, опШтински противпожарни сојузи формирани се во Градот Скопје и општините: Аеродром, Кисела Вода, Карпош, Центар, Чаир, Гази Баба, Петровец, Илинден, Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип, Штип, Кочани, Виница, Делчево, Берово, Радовиш, Струмица, Гевгелија, Валандово, Неготино, Велес, Свети Николе, Прилеп, Македонски Брод, Крушево, Демир Хисар, Битола, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Гостивар, Тетово и Кавадарци. Додека само доброволни противпожарни друштва се формирани во општините: Дојран, Демир Капија, Македонска Каменица, Богданци, Кривогаштани, Градско, Ранковце, Старо Нагоричане, Дебарца, Вратница и во општина Брвеница. Во останатите 35 општини нема формирано ниту добрроволно противпожарно друштво ниту противпожарни сојузи што е поразителен податок, ако се имаат во вид опасностите од пожари, потребите на граѓаните коако и стандардите на земјите со развиено пожарникарство.

Како што погоре веќе беше нагласено, со донесувањето на Законот за пожарникарство создадени се правните претпоставки за квалитетно организирање и делување на доброволното пожарникарство во земјава. ***Заради релевантноста на проблемот, и на ова место, уште еднаш ќе потенцираме дека, законска обврска на единиците на локалната самоуправа е да обезбедат простор за сместување и финансиски средства за финансирање на активностите на доброволната противпожарна организација која делува на нивната територија.***

Бенефитот за граѓаните, односно за единиците на локалната самоуправа од делувањето на доброволната противпожарна организација во општините е, обезбедување на заштита на граѓаните и материјалните добра од пожари преку:

- подигање на јавната свест за безбедност и заштита од пожари;

- едукација и обука на граѓаните за препознавање на ризиците од настанување на пожари, нивно превентирање како и оспособување за постапување во услови на пожар;
- во училиштата и предучилишните установи, спроведување на едукативни-превентивни активности за заштита од пожари;
- спроведување на превентивни активности за заштита на шумите и другите отворени простори од пожари;
- обука и кондиционирање на добровони противпожарни единици за гаснење на пожари;
- создавање на претпоставки за формирање на доброволни противпожарни единици со професионално јадро особено во помалите општини кои се со поголема оддалеченост од територијалните противпожарни единици;
- едукативно-превентивно делување за заштита од пожари во установите кои што згрижуваат лица со посебни потреби;
- спроведување на превентивни активности за заштита од пожари во станвените објекти, посебно во станбените објекти за колективно живеење, во објектите на тн. мало стопанство и други објекти;
- создавање на обу:ен кадар во своето членство и другите граѓани за пратиципирање во единиците за заштита и спасување од пожари кои што треба да ги формираат единиците на локалната самоуправа или државата;
- развивање на меѓуопштинска соработка за подигање на нивото на заштита на граѓаните и материјалните добра од пожари;
- развивање на меѓугранична соработка во обласа на противпожарната заштита во немалиот број на општини кои што се граничат со соседните земји;
- доброволната противпожарна организација може да развива и бројни други активности кои што претставуваат бенефит за граѓаните за заштита од пожари и други несреќи.

**Се поставува прашањето, во општините во кои не се формирани доброволни противпожарни друштва, односно противпожарен сојуз, кој ги извршува овие активности?**

Не имплементирањето на законските одредби, од страна на едниниците на локалната сампуправа, за финансирање на доброволната противпожарна организација која што делува на нивната територија, не можр да се оправда со изговорот дека нема финансиски средства. Дотолку повеќе што во самиот закон дефинирани се изворите на тие средства. И уште повеќе што се работи за минорни износи во однос на општинските буџети, додека во истите досега општините воопшто немаат обезбедено финансиски средства за оваа намена.

За оваа прилика ќе направиме само една паралела со професионалното пожарникарство, кое исто така се судира со сериозни проблеми во своето делување. Имено, нашето општество на годишно ниво, просечно за еден професионален пожарникар издвојува по околу 6000 евра (плари, придонеси од плати, облека, обувки, опрема, средства за гаснење, комунални и други материјални трошоци и тн.). Со само една третитина од овој износ, наменет за организацијата и делувањето на доброволното пожарникарство, во

помалите единици на локалната самоуправа, можат да се реализираат бројни активности, со анга жирање на повеќедесетици членови, кои ќе резултираат со бројни бенефити.

Тука не треба да се извлекува погрешен заклучок за оваа паралела на професиоалното и доброволното пожарникарство. Напротив тие треба да се развиваат и делуваат комплементарно, кои заедно со структурите организирани на државно ниво, го чинат системот на заштита и спасување од пожари.

Пред доброволното пожарникарство во единиците на локалната самоуправа стојат големи предизвици, пред се за негов поврат на позициите кои тоа ги имаше пред повеќе од две декади, како и негово осовременување и усовршување на формите на делување, кои што ќе кореспондираат на актуелните потреби на земјата. **Посебно треба да се потенцира дека делувањето на доброволното пожарникарство во единиците на локалната самоуправа е одговорност и предизвик пред се за самите единици на локаната самоуправа, кои се надлежни да ги заштитат граѓаните и материјалните добра од пожари.** Дотолку повеќе што членовите на доброволната противпожарна заштита во општините се обучени и оспособени за своја заштита. Тие преку својата програмска активност треба да придонесат за обезбедување на повисок степен на заштита на граѓаните и материјалните добра од пожари, тие не се цел сами за себе.

## З А К Л У Ч О К

**Организирањето и делувањето на доброволното пожарникарство во единиците на локалната самоуправа е неопходно потербно, поради потребата за кнотинуирано, компететнтно и активно спроведување на превентивни мерки и активности за препознавање на ризиците од настанување напожари, нивно превентирање, како и организирано учество во акции на гаснење на пожари и спасување на луѓе и материјални добра.**

**Актуелниве состојби во доброволното пожарникарство во единиците на локалната самоуправа се крајно неповолни, со тенденција за драстично влошување, доколу не се започне позитивен процес на имплеметирање на законските одредби, кои што би претставувале обезбедување на инансиски средства и други претпоставки за негово делување. Одговорноста за ваквите состојви може да се лоцира пред се, и во најголема мера во општините. Но исто така дел од одговорноста има и во некои раководства на доброволната противпожарната организација, поради нивна пасивност, неавтотиративност, отсуство на квалитетни програми и нивно правовремено доставување до општините, отсуство на комуникација со градоначалниците и другите структури во општините и тн.**

**Досегашното искуство покажува дека за обезбедувањето на финансиски и други претпоставки за делувањето на доброволнот пожарникарство во единивите на локалната самоуправа, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други институции, кои со својата авторитативност ќе делуваат во општините, за жал во извршување на нивната законска обврска.**

**Не помалку важно е исто така и зајакнувањето на севкупниот капацитет на доброволната противпожарна организација во општините, како и посебно потребата за формирање на доброволни противпожарни друштва и противпожарни сојузи во општините во кои што нема никаков облик на вакво организирање.**

**Заради обезбедување на повисоки резултати во делувањето треба да се потенцира потребата за комплементарно делување на сите чинители во системот за заштита и спасувае, преку развивање на нивна меѓусебна сестрана и интензивна соработка.**

***Милан Клопчески**

**Огнопревент инжeнеринг Скопје**

# ПРАВНА РЕГУЛАТИВА, АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА СЕРВИСНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ПП АПАРАТИ И ПП ИНСТАЛАЦИИ

Сервисното одржување на противпожарните апарати и противпожарните инсталации во Република Македонија од осамостојувањето до денес е правно уредено со донесување на повеќе закони и подзаконски акти.

Закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа област се следниве:

## ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

- ***Закон за пожарникарство***

  Сл.Весник на Р.М. бр. 67/2004 год.

- ***Закон за заштита и спасување***

  Сл.Весник на Р.М. бр. 36/2004 год.

- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасувањ***е

  Сл.Весник на Р.М. бр.86/2008 год.

- ***Закон за безбедност и здравје при работа***

  Сл.Весник на Р.М. бр. 92/2007 год.

**ПОДЗАКОНСКИ АКТИ**

- Правилник за изборот на видовите и количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати.

Сл.Весник на Р.М. бр.105/2005 год.

- Правилник за критериумите кои треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси.

Сл.Весник на Р.М. бр.32/2006 год.

- Правилник за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожри и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба посебното обележување и достапноста за употреба.

Сл.Весник на Р.М. бр.74/2006 год.

- Правилник за начинот на полагање на стручниот испит на работниците кои вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гасење на пожари.

Сл.Весник на Р.М. бр.105/2005 год.

-Правилник за начинот на полагање на стручниот испит на работниците кои вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари.

Сл. Весник на Р.М. бр.105/2005 год.

- Правилник за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати , нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапноста за употреба.

Сл.Весник на Р.М. бр.74/2006 год.

- Измени и дополнувања на Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари , другата противпожарна опрема ,средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати , нивното одржување во исправна состојба , посебното обележување и достапноста за употреба.

Сл.Весник на Р.М. бр.74/2006 год.

-Правилник за начинот,постапката и роковите во кои треба да се изврши испитување на противпожарната опрема во противпожарните единици.

Сл. Весник на Р.М. бр.19/2006 год.

## ЗАКОН ЗА ПОЖАРНИКАРСТВО

**Член 45**

(1) Одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гасење пожари и откривање на експлозивни смеси, може да врши правно лице регистрирано за таква дејност кое располага со соодветна техничка опрема за работа и има вработено најмалку две лица од кое едното има завршено минимум више образование од техничка насока, а другото има завршено минимум средно образование од техничка насока.

(2) Правното лице кое ги врши работите од ставот 1 на овој член треба да има овластување од Дирекцијата.

(3) Одржувањето, сервисирањето и испитувањето на инсталациите од став 1 на овој член правните лица се должни да го вршат согласно со техничките нормативи, стандардии упатства на производителот, а најмалку еднаш годишно.

(4) Правните субјектии во кој се врши одржување, сервисирање и испитување на инсталациите од став 1 на овој член се должни да водат посебна евиденција за извршеното одржување, сервисирање односно испитување на инсталациите од ставот 1 од овој член.

(5) За извршеното сервисирање, односно испитување на инсталациите од ставот (1) на овој член сопственикот односно корисникот на објектот прибавува потврда од правниот субјект кој го извршил сервисирањето односно испитувањето.

(6) На правното лице од ставот 1 на овој член ќе му се одземе овластувањето ако работите не ги врши согласно со техничките нормативи, стандарди и упатства или ако престане да ги исполнува кадровските и техничките услови за вршење на таа дејност.

**Член 46**

(1) Одржување сервисирање и испитување на противпожарните апарати се врши согласно со техничките нормативи, стандарди и упатсва на производителот најмалку еднаш годишно, а противпожарните апарати изложени на надворешни атмосверски влијанија на агресивни технолошки средини,најмалку еднаш во период од 6 месеци.

(2) Сервисен преглед и контролнио испитување на апаратите соглсно со ставот 1 на овој член можат да вршат правни лица кои имаат вработено најмалку две стручни лица со завршено минимум средно образование од техничка насока и кои располагаат со соодветна опрема и простор за работа.

(3) За вршење  на работите од ставот 1 на овој член правните лица треба да имаат овластување од Дирекцијата.

(4) Работниците кои вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гасење пожари мораат да имаат положено стручен испит согласно со програмата на Дирекцијата.

(5) Стручниот испит се полага пред комисија образувана од директорот на Дирекцијата, составена од 3 члена, од кои 2 од Дирекцијата кои работат на работи на заштита од пожари како и 1 надворешен член со завршено више образование од техничка насока и работно искуство минимум од 5 години исклучиво на работи од заштита од пожари.

**Член48**

(1) Противпожарните единици се должни да вршат периодично испитување на исправноста на противпожарната опрема со која тие располагаат.

## ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**Член 77**

Органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари друга противпожарна опрема, средства за заштита од пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

**Член 83**

Државните органи, општините, градот Скопје односно општиините на градот Скопје во согласност со закон јавните претпријатија, јавните установи трговците поединци, трговските друштва се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема средства за гасење пожари и противпожарни апарати.

Уредите, инсталациите, опремата и средствата од став 1 на овој член, **задолжително** треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, на начин утврден од директорот на Дирекцијата.

## ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

### Заштита од пожар, евакуација и спасување

**Член 24**

Работодавачот треба да склучи договори со други правни субјекти специјализирани за давање услуги, особено во однос на давање на прва помош итна медицинска помош, активности за евакуација и спасување и **противпожарна заштита**.

***ПРАВИЛНИК***

***ЗА ИЗБОР НА ВИДОВИТЕ И КОЛИЧИНИТЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА И ГРАЃАНИТЕ КАКО И ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ШТО ВРШАТ СЕРВИСЕН ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛНО ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ АПАРАТИ***

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува изборот на видовите и количините на противпожарни апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа.

Потребниот простор и опрема опфатени се со член 10 и 11 од истиот правилник.

***ПРАВИЛНИК***

***ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ОДРЖУВАЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ НА СТАБИЛНИ ИНСТАЛАЦИИ ЗА ОТКРИВАЊЕ ЈАВУВАЊЕ И ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ И ОТКРИВАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВНИ СМЕСИ***

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми што се однесуваат на техничката опрема која треба да ја исполнуваат правните лица кои вршат одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гасење на пожари и откривање на експлозивни смеси.

Потребната опрема од овој правилник е опфатена со член 2 од истиот правилник.

***ПРАВИЛНИК***
***ЗА НАЧИНОТ НА ОДРЕДУВАЊЕ НА МЕСТАТА НА КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА СЕ НАОЃААТ УРЕДИТЕ И ИНСТАЛАЦИИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ, ДРУГАТА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА, СРЕДСТВАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖРИ И ПРОТИВПОЖАРНИТЕ АПАРАТИ, НИВНОТО ОДРЖУВАЊЕ ВО ИСПРАВНА СОСТОЈБА ПОСЕБНОТО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ И ДОСТАПНОСТА ЗА УПОТРЕБА***

**ОДРЖУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ , ИНСТАЛАЦИИТЕ ОПРЕМАТА И СРЕДСТВАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ВО ИСПРАВНА СОСТОЈБА**

**Член 4**

Одржувањето сервисирањето и испитувањето на уредите, инсталациите за заштита од пожари за автоматско откривање и јавување на пожари, автоматско откривање и гасење на пожари и уреди и инсталации за рачно јавување на пожари се врши согласно техничките нормативи стандарди и упатства на производителот од страна на **овластено правно лице**.

Правните субјекти кои располагаат со стабилни уреди и инсталации за автоматско откривање и јавување на пожар, автоматско откривање и гасење на пожар и инсталации за рачно јавување на пожар најмалку еднаш во текот на една календарска година вршат сервисирање и проверка на нивната исправност и функционалност.

При појава на дефект на уредите и инсталации за автоматско откривање и јавување на пожар, автоматско откривање и гасење на пожар и инсталации за рачно јавување на пожари јавните субјекти истиот го отстрануваат и уредите и инсталациите ги доведуваат во исправна состојба во рок не подолг од 5 дена од денот на појавување на дефектот.

Одржувањето, сервисирањето и испитувањето на исправноста и функционалноста на стабилните уреди и инсталации за заштита од пожари со механичко активирање и рачно гасење на пожарите (хидрантска мрежа) се врши согласно со прописите и техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари.

Сл. Весник на Р.М. бр. 31/2006 год.

**Член 5**

Хидрантската мрежа со сите уреди и арматурата се контролира најмалку еднаш годишно.

**Член 7**

Правните субјекти, цревата во хидрантските ормари ги контролираат најмалку еднаш годишно, при што треба да се испитаат со притисок на вода од 7 бари.

**Член 9**

Одржувањето сервисирањето и испитувањето на рачните преносни и рачните превозни апарати се врши согласно техничките нормативи стандарди и упатства на производителот.

Одржувањето опфаќа:

- редовен визуелен преглед
- сервисен преглед
- контролно испитување

**Член 10**

Редовниот визуелен преглед се врши од корисникот на противпожарниот апарат а сервисниот преглед и контролното испитување од овластено правно лице.

**Член12**

Утврдените недостатоци корисникот веднаш ги отстранува сам или преку овластеното службено лице.

**Член13**

Сервисниот преглед се врши најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто во зависност од условите и пожарното оптеретување.

**Член 15**

Шишенцата за погонски гас постари од 20 години несмеат да се употребуваат.

**Член 17**

Контролно испитување се врши на противпожарни апарати чии работен притисок е помал од 25 бари и шишенца со погонски гас до 0.5 литри.

**Член 18**

Контролно испитување на противпожарни апарати се врши најмалку секоја петта година како и замена на распрскувачките мембрани на сигурносниот вентил.

**Член 19**

По извршеното контролно испитување апаратот се полни според упатството на производителот со исто средство за гасење односно погонски гас.

**Член 21**

Кај апаратите постари од 15 години освен апаратите со јаглен двооксид, контролно испитување се врши на две години.

## ОЦЕНКА НА АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ

Актуелните состојби во областа на сервисното одржување на противпожарните апарати и противпожарните инсталации можат да се оценат како релативно неповолни, а произлегуваат од следното:

- не докрај дефинирана правна регулатива;
- недоследно имплементирање на законските и подзаконските акти како и важечките технички стандарди и европски норми во оваа област;
- - нелојалната конкуренција помеѓу правните субјекти кои што вршат сервирање и одржување на противпожарни апарати и инсталации за заштита од пожари.
- издадени овластувања за вршење на работи за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати, на правни субјекти кои не ги задоволуваат пропишаните услови.

- издадени овластувања за вршење на работи за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси , на правни субјекти кои не ги задоволуваат пропишаните услови.

- овозможување на полагање на стручен испит за вршење сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари, на лица кои не ги исполнуваат пропишаните услови.

- отсуството на потребниот континуиран и редовен инспекциски надзор во правните субјекти-сопственици и корисници на ПП опрема,

- отсуство на инспекциски надзор над правните субјекти кои што располагаат со овластување за извршување на работи на сервисирање и одржување на ПП апарати и ПП инсталации.

Последица на ваквите состојби се бројните настанати пожари со големи материјални штети, како и можни потенцијални опасности по животот на граѓаните, материјалните, културните и други добра.

## МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

За подобрување на состојбите со цел за квалитетното стручно и навремено сервисирање на против пожарните апарати и против пожарните системи, со доследно почитување и примена на горе наведените закони и подзаконски акти се предлага следното:

1. Доследна примена на обврските кои произлегуваат од законите и подзаконските акти кои ја уредуваат оваа област;

2. Подобрување на соработка помеѓу надлежните субјекти и тоа органот на управата надлежен за работите од заштитата од пожари (ДЗС), овластените правни субјекти што го вршат сервисирањето на ПП опрема, правните субјекти, ПП сојузи идруги;

3.Континуирано динамизирање на работата на инспекцијата за заштита од пожари во Дирекцијата за заштита и спасување;

4. Санкционирање на инспекторите во злоупотребата при вршење на инспекциски надзор во областа од заштита од пожари и експлозии;

5. Преиспитување на добиените овластувања;

6. Редефинирање на овластувањата за работа;

7. Формално правно и прецизно дефинирање на просторот и опремата потребни за сервисирање на ПП апарати и инсталации и дополнување на опремата и просторните услови;

8. Уредување на правен основ за полагање на стручен испит за:
- системи за откривање и јавување на пожар;
- системи за гаснење на пожар;
- систем за откривање на експлозивни смеси;

9. Додефинирање на потребната опрема за добивање овластување за ПП апарати и ПП системи;

10. Регулирање на коализија помеѓу Законот за заштита и спасување и Законот за безбедност и здравје при работа во делот на заштита од пожари , евакуација и спасување;

11. Доследна примена на Законот за инспекциски надзор;

12. Преиспитување на веќе дадените овластувања;

13. Преиспитување на опремата за добивање на овластувања;

14. Примена на институтот привремено и трајноодземање на овластувањата;

15. Измени и дополнувања на правилникот во кој е предвидено одредувањето на видот, бројот и големината на ПП апаратите;

16. Измени и дополнувања на правилникот во кој е предвидено сервисирањето и одржувањето на ПП апарати;

17. Измени и дополнувања на правилникот во кој е предвидено сервисирањето и одржувањето на стабилните системи;

18. ПП апаратите, системите и другата ПП опрема да ги исполнуваат техничките критериуми кои се услов за нивно безбедно пуштање во промет како и безбедно ракување со истите;

19. Забрана за царинење на ПП апаратите и опремата што не ги задовоаат потребните технички критериуми.